


# ВИНАРИЈА КАМНИК
## ДОСТИГНУВАЊА И ОЧЕКУВАЊА

Крајот на 2015 за винаријата Камник значи заокружување на уште една успешна година.

На прашањето што сé ја направило 2015 посебна за нив, еве што велат од тимот на винаријата Камник.

Во однос на признанијата и наградите кои ја одбележаа 2015, тие го издвојуваат најскорешното Признание за Македонски Квалитет 2015 кое на почетокот на декември им беше доделено од Претседателот на Република Македонија и од Сојузот на стопански комори на Македонија, а кое претставува заокружување на успесите кои се случуваа во текот на целата 2015. Некои од најважните достигнувања на светските натпревари се оние на Ten Barrels Syrah Reserva 2012 кое на престижниот француски Syrah du Monde 2015 освои златен медал и е рангирано како трето од десетте најдобри сира вина во светот. Ова вино освои злато и на AWC Vienna 2015. Signature Merlot Grand Reserva 2012 исто така донесе златен медал од овој натпревар во Виена, како и од Vino Ljubljana, а од хрватскиот Gast во Македонија донесе шампионска титула. Мора да кажеме и дека Ten Barrels Cabernet Sauvgnon Reserva 2011 освои двоен златен медал и Голем меѓународен шампионски трофеј од Terravino 2015 во Израел како и златен медал од Букурешт од Меѓународниот вински натпревар Букурешт 2015 (IWCB).

***Во однос на своите производи винарија Камник како новитет во 2015 ја издвојува Златна Темјаника која содржи вистинко 24-каратно злато наменето за консумација и со тоа станува првото вакво вино на македонскиот пазар. Вистински винско освежување со доза на екстраваганција по навистина достапна цена. За очекувања во 2016, од тимот на винарија Камник истакнуваат дека искрено ги радуваат сите досегашни успеси кои ги споделуваат со љубителите на виното, но и дека потрагата по совршените вински вкусови за нив едноставно продолжува.***

